**Година 2005, мај, број 39**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## АКТИВНОСТИ, АКТИВНОСТИ ...

Активностите на Факултетот се во својот зенит. Се привршува летниот семестар, се подготвува уписот на новите студенти, се очекуваат резултатите од првата генерација која студира по европски стандарди, саемите завршија, промотивните активности се во полн ек, новата зграда пополека ги добива своите "станари", студентите се вратија од машинијадата од Копаоник...

Нека динамиката и активностите бидат и понатаму константа на Факултетот!

## ПРОМОТИВНА КАМПАЊА

Промотивната кампања за привлекување на матуранти за упис на МФС влегува во завршна фаза. Поставени се билборди и ситилајти како и преку 20 рекламни табли на такси возила, со реклама за студирање на МФС. Рекламниот материјал е поделен во алманасите со фотогрфаии од матурантите во 5 средни школи. Се планираат и други активности со кои се надеваме дека ќе привлечеме поголем број на кандидати за упис на МФС.

## СОРАБОТКА

На 09.05.2005, CIRKO и AXIS Production & Authorized Training Center потпишаа меморандум за соработка во полето на креирање на дигитални содржини и решенија.Тие ќе соработуваат на полето на индустрискиот дизајн, истражување, производство, продажба и маркетинг. Ќе се врши професионална обука (Java development, Avid NLEs, Soft-image XSI, Houdini, 3D Modeling, simulation, ani-mation, vizualization). Ќе се изработуваат разни проекти-изработка на игри, бизнис апликации, симулации, анимации итн.

## КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ОХРИД

МФС во соработка со Меѓународниот Институт за Ладилна техника (Париз), организираше Меѓународна кон-ференција за ладилна техника и клима-тизација во Охрид, 6-8 мај 2005.

На конференцијата присуствуваа 89 учесници од кои 75 од странство (од 28 земји од сите континенти). Особено за истакнување е учеството на врвни експер-ти од најпознатите фирми од соодветната област како и претставници од меѓу-народни институции и универзитети. Специјални гости беа: Didier Coulomb, директор на Меѓународниот Институт за Ладење (International Institute of Refrigeration - Paris). Ова е меѓувладина институција што ги координира активностите во целиот свет. Ron Vallort, претседател на ASHRAE (American Society of Heating, Refrigeration and AirConditioningEngineers).Поканетипредавач: Forbes Pearson (Шкотска), Anders Lindborg (Шведска), Predrag Hrnjak (САД) и Herman Halozan (Австрија), Rajendra Shende (UNEP - Парис). Организацијата на конференцијата беше совршено спроведена за што проф. д-р Ристо Цицонков и неговиот тим добија Сертификат со признание од Меѓу-народниот Институт за Ладилна Техника.

Повеќе информации може да се најдат на вебсајтот на МФС.

## НАТПРЕВАР ИНОМАК 2005

МФС и ЦИРКО во соработка со ГТЗ и Министерството за еконо-мија организира натпревар ИНОМАК 2005. Право на учество имаат тимови на студенти од МФС и други факултети. Натпреварот има за цел поттикнување на иновативна активност, промоција на претприемништво, формирање на претпријатија базирани на технологија и знаење и зајакнување на соработката факултет-стопанство. За победниците се предвидени атрактивни награди.

## СПОРТ

Кошаркарската екипа на МФС повторно влегоа во полуфиналето на универзитетската лига во кошарка каде што изгуби од екипата на Економски Факултетот. Екипа од МФС во мал фудбал во полуфиналето изгуби од Фило-лошкиот факултет.

Од 7-12 мај 2005 год. се одржа 45-та по ред Машинијада во Копаоник, СЦГ. Учествуваа 22 Факултети и Виши школи од: СиЦГ, Словенија, Р.Српска и Македонија. МФС беше претставен со 35 студен-ти преку екипи во наука, кошарка, фудбал и пинг понг. При тоа беа постигнати следниве резултати: 1 место - пинг понг, 2 место - кошарка и 7 место - наука.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Славе Арменски, во период од 11 до 14 мај 2005 година на покана од Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, како член на Одборот за акредитација и на Комисијата за настава и наука на Универ-зитетот"Св. Кирил и Методиј" во Скопје учествуваше на Семинарот на Универзитетот во Дортмунд, Германија.

2. Проф. д-р Иван Мицкоски и проф. д-р Даме Коруноски остварија службено патување во Словенија во период од 5 до 8 мај 2005 год. заради нивно учество на состанокот на учесниците на меѓународниот проект "Мехатроника II".

3. Доц. д-р Никола Тунески во период од 6 до 8 мај 2005 год. со сопствен труд учетвуваше на меѓународната конференција од областа на математиката која се одржа во Оточец, Словенија.

4. Проф. д-р Константин Димитров, во период од 20 и 21 мај 2005 год., учествуваше на Меѓународната конференција од областа на финансирање на проекти за енергетска ефикасност во земјите на Југоисточна Европа, организирана од Пактот за стабилност, која се одржа во Белград, СЦГ.

5. Асс. д-р Ана Лазаревска во период од 16 до 19 мај 2005 година оствари посета на Машинскиот факултет во Белград, СиЦГ.

6. Проф. д-р Делчо Јованоски и проф. д-р Томислав Златановски во период од 20 до 22 мај 2005 година реализираа престој на Факултетот за германски инженерски студии и индустриски менаџмент при Техничкиот факултет во Софија каде што учествуваше на Workshop на кој се разгледувани досегашните искуства на бугарските факултети во соработката со германските факултети во рамки на Пактот за стабилност.

7. Асс. д-р Ристо Филкоски и асс. мр Зоран Марков, се на службено патувањето во Србија и Црна Гора во период од 25 до 27 мај 2005 год., во својство на водители на студентите од насокаите ХПА и ЕМИ при реализацијата на теренска настава.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.05.2005**
**8 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.06.2005**
**9 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Тони Манцуковски*
*Борис Рошков*